0201-
27.05.2021

Точка 4
31-во Годишно Собрание на Акционери, 27/05/2021

***Предлог***

Врз основа на член 25 став 1 точка 8 од Статутот на ОКТА АД – Скопје, член 383 став 1 точка 8 и член 479 став 2 и 3 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери на ОКТА АД – Скопје на својата 31-ва седница на Годишното Собрание, одржана на ден 27.05.2021 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

За назначување на овластен ревизор за ревизија на годишната сметка
и финансиските извештаи на ОКТА за 2021 година

**Член 1**

Друштвото за ревизорски и книговодствен консалтинг и услуги ЕРНСТ И ЈАНГ ОВЛАСТЕНИ РЕВИЗОРИ ДОО Скопје се назначува за овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи на ОКТА за 2021 година.

**Член 2**

Се овластува Главниот извршен директор на ОКТА АД – Скопје со Ревизорската куќа од член 1 на оваа Одлука да склучи писмен договор со кој ќе ги регулира останатите прашања битни за извршување на доверената ревизија, износот на надоместокот и сите битни точки за обезбедување на доверливост.

**Член 3**

Дирекцијата за финансии и администрација е одговорна за спроведување на оваа Одлука.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

Годишно Собрание на Акционери
Претседавач